Влада на Република Северна Македонија

Генерален секретаријат

Сектор за анализа на политиките и координација/Одделение за соработка со невладини организации

# Извештај

за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022 – 2024 и постигнување на стратешките и оперативните цели во 2024 година

Скопје, март 2025 година

## 1. Вовед

Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2022-2024 е усвоена на 130-та седница на Владата, одржана на 28.12.2021 година. Истата е резултат на препознаената потреба за унапредување на механизмите за соработка со граѓанското општество и градење на континуиран, транспарентен и целосно инклузивен дијалог во процесот на креирање и спроведување на политиките. Стратегијата ги утврдува клучните приоритети и разработува активности насочени кон унапредување на правната рамка за граѓанските организации; зајакнување на институционалната рамка и практиките на соработка помеѓу Владата и органите на државната управа и граѓанските организации; воспоставување даночна рамка којашто одговара на спецификите на работењето на граѓанските организации и го овозможува нивниот развој, како и унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации.

Мерките во овој стратешки документ се систематизирани во три области: Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанскиот сектор; Демократизација, активно учество на граѓанскиот сектор во општествените процеси, во креирањето и следењето на политиките, со посебен фокус на процесот на интеграција во Европската Унија и Граѓанскиот сектор како чинител во социјално-економскиот развој.

Предмет на овој извештај е утврдување на напредокот во спроведувањето на Акцискиот план, преку постигнување на стратешките и оперативните цели и реализираните активности предвидени во 2024 година. Анализирани се вкупно 81 активност, врз основа на податоци, информации и документи добиени од членовите на Мрежата државни службеници за соработка со граѓанското општество од министерствата кои се одговорни за спроведување на конкретните мерки во Стратегијата и анализа на одговорите на 203 граѓански организации од 16 различни области на дејствување од online анкета спроведена во периодот 14-25.1.2025 година преку Прашалник за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество (2022-2024) дистрибуиран до сите граѓански организации со статус „активен" (вкупно 8823) според Отворените податоци на Централниот регистар на Република Северна Македонија .

Координативно тело за следење на спроведувањето на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 е Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. Поради истекот на мандатот на членовите, на 20.1.2025 година, на www.nvosorabotka.gov.mk Генералниот секретаријат објави Јавен повик за избор на 14 членови и заменици членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. Постапката за конституирање на новиот состав на Советот е во тек во моментот на подготовка на овој извештај.

## 2. Резиме на постигнатите резултати по приоритетна област

Во Извештајот на Европската Комисија за Северна Македонија за 2024 година е нотирано дека „граѓанските организации (ГО) во Северна Македонија работат севкупно во поволно опкружување. Сепак, Владата треба да ги зголеми своите напори за вклучување на граѓанското општество во приоритетните области и во консултативните активности. Сè уште постои потреба за изменување и за спроведување на постојните законски и финансиски рамки, особено за да се обезбедат конзистентни механизми за обезбедување транспарентно јавно финансирање на ГО. Потребни се итни напори за продолжување на активностите на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. ".

Главна цел на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество (2022-2024) е обезбедување на поттикнувачка и одржлива околина во која функционира и се развива граѓанското општество што овозможува динамични, независни, активни и одржливи граѓански организации коишто придонесуваат во зајакнување на демократското управување, ги рефлектираат интересите и потребите на граѓаните и се вклучуваат во структурен дијалог за унапредување на општеството.

Акцискиот план за спроведување на Стратегијата содржи вкупно 81 активност, од кои 58 се планирани за 2022 година, 12 за 2023 година и 11 активности за 2024 година. Од нив, до крајот на 2024 година, 37 активности (45,7%) се реализирани, 24 активности (29,6%) се започнати/во тек, а 20 активности (24,7%) не се спроведени.




**Приоритетна област 1: Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанското општество**

Работната група за изработка на Закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации, во проширен состав, во 2024 година одржа 2 состаноци (24 јануари и 6 февруари), на кои беа поддржани предлозите од Работната група за реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации за две нови глави: Државна поддршка на организациите и Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество, како и предлозите од Централниот регистар на Република Северна Македонија, но и покрај заложбите на работната група, текстот на законот не беше финализиран и објавен на Единствениот електронски регистар на прописи ЕНЕР за консултации со засегнатите страни.

Согласно заклучоците од дебатата „Зајакнување на соработката меѓу Владата и граѓанското општество", одржана на 4.9.2024 година во Граѓанскиот ресурсен центар во Скопје и консултативниот процес со граѓанските организации преку јавен повик на www.nvosorabotka.gov.mk за доставување на предлози и одржани средби во Скопје (15.10 и 1.11.2024 година), Гостивар (24.10.2024 година) и Битола (25.10.2024 година), Владата во декември 2024 година донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

Во рамките на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија" подготвени се неколку анализи поврзани со даночниот третман на граѓанските организации, економски активности и сметководство на непрофитните организации (Извештај од консултативен состанок за даночен третман на граѓанските организации; Извештај за правната рамка која им овозможува на граѓанските организации да се вклучат во економски активности; Анализа и предлози поврзани со правната рамка за сметководство за граѓанските организации во Република Северна Македонија и Граѓанските организации како работодавачи – справување со клучните предизвици во законодавството).

**Приоритетна област 2: Демократизација, активно учество на граѓанскиот сектор во општествените процеси, во креирањето и следењето на политиките, со посебен фокус на процесот на интеграција во Европската Унија**

Во соработка со Меѓународниот републикански институт (ИРИ), Владата започна со одржување на средби со граѓанските организации „Дијалог меѓу Владата и граѓанскиот сектор“. Првата средба се одржана на 25.9.2024 година на тема „Владеење на право, добро владеење и борба против корупција“, а тема на втората средба одржана на 25.10.2024 година беше „Образование и младинско учество“. Преку средбите се отвори директен дијалог и комуникација на претседателот на Владата и министрите со граѓанските организации, кои имаат стручност и работат на предлог решенија и механизми за чија имплементација е потребна поддршка или соработка со Владата и ресорните министерства. Доставени се 21 иницијативи од граѓанските организации, кои заедно со одговорите од ресорните министерства, се објавени на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

На 15.11.2024 година се одржа Националниот форум на Цивика мобилитас, организиран во соработка со Владата на Република Северна Македонија, како Годишна конференција на граѓанските организации за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, со учество на претседателот на Владата, генералниот секретар на Владата, ресорни министри и повеќе од 200 претставници на граѓански организации.

На 12.12.2024 година, во Центарот за обука на Министерството за европски прашања се одржа работилница за стратешката комуникациска рамка за ЕУ помош / ИПА III комуникација и видливост, организирана во рамките на проектот „Поддршка за реформи на политики, пристапување е ефективност (СУПРАЕ)“, финансиран од ЕУ, на која беа претставени: нацрт Стратешката комуникациска рамка за ЕУ помошта и нацрт Стратешкиот комуникациски акциски план поврзан со ИПА III програмата. Во јуни 2024 година се одржа консултативна средба со граѓански организации за Реформската агенда 2024-2027. Дополнително се одржаа 5 Секторски мониторинг комитети и еден ИПА Мониторинг комитет со учество на претставници на граѓански организации.

Министерството за внатрешни работи продолжи со активности за воспоставување превентивен механизам против говор на омраза. Во 2024 година, од страна на полициски службеници спроведени се 150 едукативни активности за превенирање на говор од омраза: СВР и ПСОН Битола одржа 34 кампањи на 1050 учесници; СВР Охрид и ПСОН Кичево, одржа 4 кампањи на 220 учесници; СВР Куманово, одржа 27 кампањи на 400 учесници и СВР Тетово во рамки на проектот „Стоп на говор на омраза„ реализираше 85 предавања (од кои 61 во Тетово и 24 во Гостивар) на 2594 ученици од деветто одделение од сите основни училишта. Воедно, од страна на СВР Куманово одржани се 21 средба со родители од Советот на родителите во училиштата каде присуствувале околу 300 родители, две трибини во основни и средни училишта со присуство на околу 500 ученици и состанок со претставници од Исламската верска заедница.

**Приоритетна област 3: Граѓанскиот сектор како чинител во социјално-економскиот развој**

Министерството за социјална политика, демографија и млади во ноември 2024 година продолжи со активности за финализирање на текстот на Предлогот на закон за социјални претпријатија, подготвен со поддршка на проектот „Поддршка на социјалните претпријатија“, за кој во 2023 година беше спроведен консултативен процес (две дискусии со претставници на органите на државна управа и со граѓански организации и академската заедница и три јавни расправи во Скопје, Битола и Штип) и објавен на Единствениот електронски регистар на прописи (ЕНЕР).

Во јануари 2024 година Предлогот на закон за даночните поттикнувања за донации и спонзорства во активностите од јавен интерес, подготвен од интерресорска работна група координирана од Министерството за правда, беше доставен на мислење на надлежните институции и објавен за консултации на ЕНЕР.

## 3. Преглед на постигнати резултати по приоритетни области

### Приоритетна област 1:

**Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанското општество**




Во првата приоритетна област содржани се 27 активности, од кои 24 активности се предвидени за 2022 година и 3 активности за 2023 година. Од нив, до крајот на 2024 година, 12 активности (44,5%) се реализирани, 9 активности (33,3%) се започнати/ во тек, а 6 активности (22,2%) не се спроведени.

Стратешка цел 1: Унапредување на правната рамка за граѓанските организации

Оперативна цел 1: Унапредување на правната рамка за здруженија и фондации која обезбедува гаранции за остварување на правото на слобода на здружување во согласност со меѓународните стандарди

Работната група за изработка на Закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации, координирана од Министерството за правда, со вклучени претставници на Генералниот секретаријат на Владата, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Централниот регистар на Република Северна Македонија и граѓански организации, Работната група за изработка на Закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации, во проширен состав, во 2024 година одржа 2 состаноци (24 јануари и 6 февруари), на кои беа поддржани предлозите од Работната група за реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации за две нови глави: Државна поддршка на организациите и Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество, како и предлозите од Централниот регистар на Република Северна Македонија, но и покрај заложбите на работната група, текстот на законот не беше финализиран и објавен на Единствениот електронски регистар на прописи ЕНЕР за консултации со засегнатите страни.

Стратешка цел 2: Зајакнување на институционалната рамка и практиките на соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и граѓанските организации

Оперативна цел 3: Континуирано работење на независен, репрезентативен, оперативен и ефективен Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 56,16% од граѓанските организации го препознаваат Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество како релевантно тело за соработка и влијание во креирање на политики за развој на граѓанското општество, што претставува зголемување за 17,06% споредено со 2023 година (39,1%). Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество не одржа седници во 2024 година, поради бојкот на членовите на Советот од редот на граѓанските организации, што започна во март 2022 година и истекот на мандатот на членовите на 30.7.2024 година.

Со цел воспоставување структурен дијалог со граѓанските организации, согласно заклучоците од дебатата „Зајакнување на соработката меѓу Владата и граѓанското општество", одржана на 4.9.2024 година во Граѓанскиот ресурсен центар во Скопје, Генералниот секретаријат во соработка со проектите

финансирани од Европската унија: „ЕУ поддршка за Граѓанскиот ресурсен центар" и „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија" организираше широк консултативниот процес со граѓанските организации за Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, преку објавување на јавен повик за предлози од граѓанските организации на www.nvosorabotka.gov.mk и консултативни средби во Скопје (15.10 и 1.11.2024 година), Гостивар (24.10.2024 година) и Битола (25.10.2024 година). Со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество („Службен весник на РСМ" бр.268/24), што Владата ја донесе на 24.12.2024 година, се намалува бројот на членови на Советот од 31 на 27 и се воведуваат заменици членови на Советот, во интерес на поголема оперативност и ефикасност во работата на ова тело. Со цел да се обезбеди поголема транспарентност и отчетност на членовите на Советот кон граѓанските организации што ги претставуваат, се предвидува обврска за членовите на Советот од редот на организациите да ги информираат, консултираат и вклучуваат засегнатите страни во областа што ја претставуваат за работата и заклучоците на Советот и да подготвуваат годишен извештај за спроведување на планот за координација и комуникација со организациите во областа што ја претставуваат.

Оперативна цел 4: Унапредување на знаењата и капацитетите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 71,42% од членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество се задоволни, а 14,29% се делумно задоволни или не се задоволни од соработката и стекнатите знаења и препорачуваат одржување на работилници, тематски средби и ажурирање на составот согласно реорганизацијата на органите на државната управа. Во периодот декември 2024 - февруари 2025 година беше ажуриран составот на Мрежата државни службеници за соработка со граѓанското општество. Во 2025 година ќе се организираат состаноци и активности за градење на капацитетите на новиот состав на Мрежата.

Стратешка цел 3: Воспоставување даночна рамка којашто одговара на спецификите на работењето на граѓанските организации и го овозможува нивниот развој

Оперативна цел 5: Унапредување на даночната рамка од аспект на данокот на додадена вредност согласно идентификуваните развојни потреби на граѓанските организации

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, само 20,2% од граѓанските организации користеле даночни олеснувања во 2024 година, што претставува зголемување за 3% споредено со 2023 година (17,2%). Во рамките на проектот „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", финансиран од Европската унија подготвен е Извештај од консултативен состанок за даночен третман на граѓанските организации, во кој се препорачува даночната рамка да ги одразува спецификите на работењето на граѓанските организации, различна од онаа на комерцијалните субјекти, да се препознае работењето на граѓанските организации во поширок јавен интерес и да се обезбеди даночни стимулации за донаторите на граѓанските организации. Во рамките на истиот проект подготвен е Извештај за правната рамка која им овозможува на граѓанските организации да се вклучат во економски активности, кој содржи преглед на законско регулирање на економските активности на граѓанските организации во земјите на ЕУ, на правната рамка за економски активности на граѓанските организации во Република Северна Македонија, заклучоци и препораки. Според Министерството за финансии, реализација на мерката е неприфатлива и е во спротивност со Директивите на ЕУ, бидејќи зголемувањето на листата на добра кои би се ослободиле од ДДВ ја нарушува неутралноста на овој данок, врши притисок врз зголемување на висината

на општата стапка на ДДВ и ќе предизвика негативни фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

Оперативни цели 6 и 7: Унапредување на транспарентноста на финансиските активности на граѓанските организации и Подготовка на подобрена законска и подзаконска рамка за сметководството на непрофитните организации

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 67,98% од граѓанските организации во 2024 година јавно ги објавиле финансиските податоци од своето работење, што претставува зголемување за 16,98% споредено со 2023 година (51%).

Во рамките на проектот „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", финансиран од Европската унија, подготвена е Анализа и предлози поврзани со правната рамка за сметководство за граѓанските организации во Република Северна Македонија, во која се презентирани поврзаните регулативи на ЕУ, сметководствени стандарди за граѓански организации во земјите членки на ЕУ и правната рамка за сметководство за граѓанските организации во Република Северна Македонија. Во прилог на Анализата е презентирано сметководството и финансиското известување за граѓански организации во избрани земји на ЕУ (Германија, Франција, Холандија, Норвешка, Шпанија, Ирска, Естонија, Чешка, Словенија, Бугарија и Хрватска) и за и Србија. На 5.3.2024 година во Скопје (х. Солун) се одржа Стручна тркалезна маса за правната рамка за сметководство на непрофитни организации, со учество на претставници на Министерство за финансии, Управа за јавни приходи, Централен регистар на Република Северна Македонија, Институтот на сметководители и овластени сметководители на Македонија, Институтот на овластени ревизори како и сметководители и финансиски менаџери во граѓански организации.

Стратешка цел 4: Унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации

Оперативна цел 8: Унапредување на моделот за финансирање на граѓанските организации од буџетот на државата

Дел од активностите во оваа оперативна цел се насочени кон воведување на механизми со кои ќе се осигура дека планирањето на средствата за финансирање на граѓанските организации ќе се врши единствено преку ставката 463, а уделот на државно финансирање од централниот буџет и од буџетите на единиците на локална самоуправа, до 2024 година, ќе се зголеми на 30% (околу две милијарди денари) во вкупните приходи на граѓанските организации. Според Извештајот за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на органите на државната управа и единиците на локална самоуправа во 2023 година, разгледан на 27.седница на Владата одржана на 22.10.2024 година, во 2023 година биле издвоени вкупно 1.346.631.075 денари за финансиска поддршка на 2.331 проекти/програми, што претставува 9.89% од вкупните приходи на граѓанските организации во 2023 година. Од вкупно доделените средства, 982.560.126 денари (72.96%) се доделени од централниот буџет, како финансиска поддршка за 623 проекти/програми на здруженија и фондации, а 364.070.949 денари (27.04%) се доделени од буџетот на единиците на локална самоуправа (без Градот Скопје и 16 општини што не доставија податоци) како финансиска поддршка за 1.708 проекти/програми на здруженија и фондации. Најголем дел од средствата од централниот буџет, 484.250.000 денари се доделени врз основа на управни договори за социјални услуги и 300.200.000 денари за програми за развој на спортот. Иако споредено со 2022 година финансиската поддршка за граѓанските организации во 2023 година е зголемена за 26.15%, уделот на државно финансирање од централниот буџет и буџетот на единиците на локална самоуправа за финансиска поддршка на граѓанските организации е значително помал од предвидениот во Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество (2022-2024), каде во активност 8.1 од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата е предвидено зголемување на уделот на државно финансирање од централниот буџет и од буџетите на единиците на локалната самоуправа за финансирање

на граѓанските организации, со цел да се достигне удел од 30% (околу 2 милијарди денари) во вкупните приходи на граѓанските организации до 2024 година, односно 20% од вкупните приходи на граѓанските организации во 2022 година, 25% во 2023 година и 30% во 2024 година.

Со цел воспоставување транспарентен и доверлив модел за државно финансирање на граѓанските организации, на иницијатива на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во декември 2021 година беше формирана Работна група за реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации, составена од претставници на Генералниот секретаријат на Владата, Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Секретаријатот за европски прашања, Агенцијата за млади и спорт, Црвениот крст на РСМ и претставници на граѓански организации. Во соработка со проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", работната група во 2022 година подготви предлог-одредби на две глави од Законот за здруженија и фондации: Државна поддршка на организациите и Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество, што во 2023 година и 2024 година беа разгледани и прифатени од Работната група на Министерството за правда за изработка на овој закон.

Министерството за финансии континуирано настојува за зголемување на средствата наменети за финансирање на граѓанските организации, согласно расположливите можности на Буџетот. Меѓутоа, Министерството за финансии не го поддржува начинот на утврдување на средствата за финансирање на здруженија и фондации преку процентуално издвојување согласно остварените приходи на централно и на локално ниво, од причина што вкупните приходи претставуваат збир од даночни приходи, придонеси, неданочни приходи, приходи од сопствени сметки, капитални приходи и донации, односно задолжителни плаќања кои се утврдени со закон, приливи кои произлегуваат од сопственост на средства, како и неповратни средства добиени од влади на други држави или меѓународни организации, како и од домашни или странски правни или физички лица кои се користат согласно со условите и намените договорени со донаторот и се распределуваат наменски по буџетски корисници за финансирање на конкретни проекти во нивна надлежност. Од тие причини, Министерството за финансии предлага потребните средства за финансирање на здруженија и фондации да се утврдуваат за тековната фискална година согласно буџетските можности.

Согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024-2028, Владата ќе обезбеди буџетски средства за поддршка на граѓанските организации со цел квалитетен развој на граѓанското општество. Преку гарантен фонд ќе се обезбеди финансиска поддршка на граѓански организации што аплицираат и се добитници на проекти од европски и други фондови, како што се ИПА фондовите, Хоризонт Европа, Клајмет Кик, ИнвестЕУ, Дигитал Европа и други, а за кои е потребен процент на учество, односно кофинансирање. Со гарантниот фонд ќе се воспостави процес на транспарентно, мониторирано и кредибилно финансирање по однапред строго утврдени услови.

**Приоритетна област 2:**

**Демократизација, активно учество на граѓанскиот сектор во општествените процеси, во креирањето и следењето на политиките, со посебен фокус на процесот на интеграција во Европската Унија**




Во втората приоритетна област содржана е 31 активност, од кои 22 се предвидени за 2022 година, 2 во 2023 година и 7 активности во 2024 година Од нив, до

крајот на 2024 година, 12 активности (38,7%) се реализирани, 10 активности (32,3%) се започнати/ во тек, а 9 активности (29%) не се спроведени.

Стратешка цел 5: Зголемување на вклученоста на граѓанските организации во процесот на креирање, спроведување, следење и оценување на политиките

Оперативна цел 9: Унапредување на процесот на консултации и учество на граѓанските организации во креирањето јавни политики

Во соработка со Меѓународниот републикански институт (ИРИ), Владата започна со одржување на средби со граѓанските организации „Дијалог меѓу Владата и граѓанскиот сектор". Првата средба се одржана на 25.9.2024 година на тема „Владеење на право, добро владеење и борба против корупција", а тема на втората средба одржана на 25.10.2024 година беше „Образование и младинско учество". Преку средбите се отвори директен дијалог и комуникација на Претседателот на Владата и министрите со граѓанските организации, кои имаат стручност и работат на предлог решенија и механизми за чија имплементација е потребна поддршка или соработка со Владата и ресорните министерства. Доставени се 21 иницијативи од граѓанските организации, кои заедно со одговорите од ресорните министерства, се објавени на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

На 15.11.2024 година се одржа Националниот форум на Цивика мобилитас, организиран во соработка со Владата на Република Северна Македонија, како Годишна конференција на граѓанските организации за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, со учество на претседателот на Владата, генералниот секретар на Владата, ресорни министри и повеќе од 200 претставници на граѓански организации.

Во рамките на проектот „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", финансиран од Европската унија, подготвен е Извештај за клучни механизми за учество на граѓанските организации во процесите на одлучување во Северна Македонија. Извештајот содржи преглед на постојната законска рамка со која се регулираат учеството на граѓанските организации во процесите на креирање политики и донесување одлуки на централно и локално ниво и идентификува неколку проблеми кои го спречуваат воспоставувањето стандардизиран систем за вклучување на граѓанските организации (различни пристапи за спроведување на процесот на ПВР, недостаток на стандардизиран систем за избор на граѓански организации во работните групи, необврзувачка природа на Кодексот за добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики).

Генералниот секретаријат – организациона единица за соработка со граѓанските организации, на својата интернет страница www.nvosorabotka.gov.mk и на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР), секоја година, објавува повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Годишната програма за работа на Владата. По Повикот за придонес на граѓанскиот сектор во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година, објавен на 20.8.2024 година, доставени се вкупно 35 предлози од 19 граѓански организации, што претставува зголемување од 31,43% во однос на 2024 година, кога беа доставени 24 предлози од 11 граѓански организации. Предлозите заедно со одговорите од ресорните министерства се објавени на www.nvosorabotka.gov.mk.

На предлог на Генералниот секретаријат, Владата на седницата одржана на 23.4.2024 година разгледа Извештај за процесот на консултации при подготовка на предлог-закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2023 година. Извештајот е подготвен врз основа на анализа на податоците на ЕНЕР и одговорите на Прашалникот за механизмите на консултација со граѓанските организации при подготовка на предлог-законите и други акти во 2023 година, дистрибуиран до министерствата преку членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество. Од вкупно 30 работни групи формирани од страна на ресорните министерства за

подготовка на предлози на закони, за 9 предлози на закони или во 30% од формираните работни групи биле вклучени претставници на граѓански организации. Според одговорите на Прашалникот, за 42,55% од предлозите на закони во кои учествувале граѓанските организации министерствата сметаат дека нивниот придонес бил суштински, во 31,91% сметаат дека придонесот бил задоволителен, а за 15% дека бил недоволен.

Оперативна цел 10: Ефективни консултации со засегнатите страни во процесот на проценка на влијанието на регулативата

Согласно Годишниот извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата-ПВР за 2023 година, подготвен од Министерството за јавна и администрација, од 72 предлози на закони утврдени од страна на Владата во 2023 година кои подлежат на ПВР, 44 предлог – закони или 61% биле доставени до Влада на Република Северна Македонија со предлог Извештај за ПВР, 37 предлог – закони или 51,4% од нив биле објавени на ЕНЕР и 24 нацрт Извештаи за ПВР или 33,3%од нив биле доставени до МИОА за обезбедување на мислење. Според Извештајот за процесот на консултации при подготовка на предлог-закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2023 година, подготвен од Генералниот секретаријат на Владата, од 37 предлози на закони објавени на ЕНЕР, за 22 предлози на закони (59,46%) се доставени вкупно 139 коментари од засегнати страни, од кои 19 (13,67%) се доставени од страна на граѓански организации за 10 предлози на закони. Според Нацрт-извештајот за процесот на консултации при подготовка на предлог-закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2024 година, од 31 предлог-закони објавени на ЕНЕР, за 23 предлог-закони (26,14%) доставени се вкупно 158 коментари од засегнати страни, од кои 21 коментар (13,3%) се од граѓански организации за 10 предлог-закони, што е речиси идентично со 2023 година (13,67%). Квалитетот на Извештаите за ПВР во делот Консултации не е на задоволително ниво, бидејќи најчесто само се наведени засегнатите страни или институциите од кои е или ќе биде побарано мислење. Согласно Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023-2030 предвидени се активности за зголемување на видливоста на резултатите од консултациите со засегнатите страни и пошироката јавност при креирањето на политиките, преку воведување табеларен преглед во рамките на Извештајот за ПВР.

Стратешка цел 6: Зајакнување на партнерството во процесите поврзани со европската интеграција

Оперативни цели 11 и 12: Вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската унија и Унапредување на моделот за избор на претставници од граѓанското општество во секторските работни групи

На 12.12.2024 година, во Центарот за обука на Министерството за европски прашања се одржа работилница за стратешката комуникациска рамка за ЕУ помош / ИПА III комуникација и видливост, организирана во рамките на проектот „Поддршка за реформи на политики, пристапување и ефективност (СУПРАЕ)", финансиран од ЕУ, со учество на претставници од ИПА и секторите за односи со јавност од институциите кои се дел од секторските оперативни програми во рамки на ИПА III програмата. На работилницата беа претставени два клучни комуникациски документи: нацрт Стратешката комуникациска рамка за ЕУ помошта и нацрт Стратешкиот комуникациски акциски план поврзан со ИПА III програмата, развиени во насока на обезбедување на ефективни, кохерентни комуникациски активности кои се усогласени со финансиските механизми на ЕУ, истовремено интегрирајќи системи за мониторинг, евалуација и ажурирање. Во јуни 2024 година се одржа консултативна средба со граѓански организации за Реформската агенда 2024-2027. Дополнително се одржаа 5 Секторски мониторинг комитети (СМК) и еден ИПА Мониторинг комитет(МК) со учество на претставници на граѓански организации.

Оперативна цел 13: Поддршка за зголемување на опфатот на дигиталната трансформација на граѓанските организации

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 75,37% од граѓанските организации во 2024 година применувале дигитални алатки за истражување, овозможување услуги и/или административни процедури, што претставува зголемување за 11,27% споредено со 2023 година (64,1%). Во рамките на проектот „ЕУ поддршка на Граѓанскиот ресурсен центар – фаза 2", финансиран од ЕУ, на 21.10.2024 се одржа online дебата за Дигитална трансформација на граѓанските организации, со цел дискусија за начините на кои граѓанските организации можат да ги применат дигиталните алатки за да го подобрат своето работење, транспарентност и влијание, а на 12-13.12.2024 во Охрид се одржа работилница за дигитална трансформација, за јакнење на капацитетите на организациите на теми потребни за нивно професионално делување.

Оперативна цел 14: Развој на систем за следење на околината во која се развива граѓанското општество

На годишно ниво анализа и извештај за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество во Република Северна Македонија (Monitoring Matrix on Enabling Environment for Civil Society Development) се подготвува од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка, Балканската мрежа за развој на граѓанското општество и Граѓанскиот ресурсен центар, во рамките на проектот „ЕУ поддршка на Граѓанскиот ресурсен центар – фаза 2".

Оперативна цел 15: Воспоставување превентивен механизам против говор на омраза

Активностите од оваа оперативна цел се реализирани во 2022 и 2023 година од страна на Министерството за образование и наука и Министерството за внатрешни работи. Министерството за внатрешни работи продолжи со активности и во 2024 година. Од страна на полициски службеници спроведени се 150 едукативни активности за превенирање на говор од омраза: СВР и ПСОН Битола одржаа 34 кампањи на 1050 учесници; СВР Охрид и ПСОН Кичево, одржаа 4 кампањи на 220 учесници; СВР Куманово, одржа 27 кампањи на 400 учесници и СВР Тетово во рамки на проектот „Стоп на говор на омраза" реализираше 85 предавања (од кои 61 во Тетово и 24 во Гостивар) на 2594 ученици од деветто одделение од сите основни училишта. Воедно, од страна на СВР Куманово одржани се 21 средба со родители од Советот на родителите во училиштата каде присуствувале околу 300 родители, две трибини во основни и средни училишта со присуство на околу 500 ученици и состанок со претставници од Исламската верска заедница.

Стратешка цел 7: Унапредување на правната рамка за правото на мирно собирање и непосредно учество на граѓаните во одлучувањето

Оперативна цел 16: Обезбедување правна рамка за правото на мирно собирање во согласност со меѓународните стандарди и нејзина ефективна имплементација

Во 2024 година одржани се вкупно 2178 јавни собири од кои 1846 најавени и 332 ненајавени јавни собири на територијата на целата држава. Споредено со 2023 година забележано е зголемување за 5.5 пати повеќе на соодносот помеѓу најавени и 2 пати повеќе за ненајавени собири. Во текот на 2024година Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапил по 56 предмети за пречекорување на полициските овластувања и прекумерна употреба на физичка сила од страна на полициски службеници, при што утврдени се четири основани претставки, за кои поднесени се три кривични пријави за постоење на основно сомневање за сторено кривично дело „Малтретирање во вршење на службата„ по член 143 од КЗ на РСМ и едно известување до Основно јавно обвинителство-Одделението за гонење кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција. Воедно, до Народниот правобранител поднесено е едно барање кое се однесува на

прекумерна употреба на физичка сила од страна на полициски службеници по кое Одделот постапува. Активности за ревидирање на постојната, односно донесување на нова законска и подзаконска регулатива во рамки на предметната област не се спроведени.

Оперативна цел 17: Унапредување на законската рамка која се однесува на непосредно учество на граѓаните во одлучувањето

Активностите во оваа оперативна цел не се спроведени.

**Приоритетна област 3:**

**Граѓанскиот сектор како чинител во социјално-економскиот развој**




Во третата приоритетна област содржани се 23 активности, од кои 14 се планирани за 2022 година, 7 за 2023 година и 2 за 2024 година Од нив, до крајот на 2024 година, 13 активности (56,5%) се реализирани, 5 активности (21,75%) се започнати/ во тек, а 5 активности (21,75%) не се спроведени.

Стратешка цел 8: Развој на социјално претприемништво

Оперативна цел 18: Создавање на поттикнувачко правно окружување за социјално претприемништво

Предлог-законот за социјални претпријатија, подготвен со поддршка на проектот „Поддршка на социјалните претпријатија" финансиран од ЕУ, беше објавен на ЕНЕР на 6.11.2023 година и беа организирани три јавни расправи во Скопје, Битола и Штип (10, 15 и 17.11.2023 година). Во октомври 2024 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади ја продолжи постапката за подготовка на овој закон, преку барање на мислења од релевантни институции (министерства и агенции). Во тек е доработка на текстот на предлог-законот, што се очекува да биде доставен во владина постапка до март 2025 година.

Оперативна цел 19: Промоција, градење на капацитетите и обезбедување финансиска помош за граѓанските организации за развој на социјално претприемништво

Активностите во оваа оперативна цел се спроведени во 2022 година.

Стратешка цел 9: Препознавање на спецификите на граѓанските организации како работодавач

Оперативна цел 20: Препознавање на спецификите на граѓанските организации како работодавач во правната регулатива, оперативните програми и социјалниот дијалог

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 12 граѓански организации (5,91%) од вкупно 203 анкетирани, во 2024 година биле корисници на активни програми и мерки за вработување. Во рамките на проектот „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", финансиран од ЕУ, подготвен е документ „Граѓанските организации како работодавачи – справување со клучните предизвици во законодавството" кој содржи општ преглед на правната рамка, клучни области кои можат да ја подобрат позицијата на граѓанските организации како работодавачи и план за консултации кој ги вклучува сите релевантни чинители во процесот на изнаоѓање на најдобри решенија за подобрување на позицијата на граѓанските организации како работодавачи.

Стратешка цел 10: Промовирање и развој на волонтерството

Оперативни цели 21 и 22: Подобрување на правната рамка за промовирање и развој на волонтерството; Поттикнување на волонтерски активности и финансиска поддршка за граѓанските организации кои го промовираат волонтерството

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 66,5% од граѓанските организации имаат ангажирано волонтери (37,93% ангажирале до 5 волонтери, 8,37% ангажирале од 6 до 10 волонтери, 9,36% ангажирале од 11 до 20 волонтери, а 10,84% ангажирале повеќе од 20 волонтери). Во рамките на проектот „ЕУ поддршка на Граѓанскиот ресурсен центар – фаза 2“, финансиран од ЕУ, на 5.12.2024 година во Штип беше одбележан Светскиот ден на волонтерите, преку дебата „Да разговараме за младите и волонтирањето“, со повеќе од 100 учесници. Целта на настанот беше да се информира и допринесе кон промоција на културата на волонтирање, примарно меѓу младите, како би се охрабриле да се вклучуваат и самите да иницираат волонтерски акции за позитивни промени во своите заедници. На 10.5 и 10.6.2024 година во Штип беа организирани информативни сесии за младинско учество и волонтирање со 31 ученици од средно и основно училиште, а на 27-28.11.2024 година во Битола беше организирана работилница за волонтерство и развивање на програми за волонтирање, со цел да се продлабочи разбирањето за вредностите на волонтирањето и да се зајакнат капацитетите на граѓанските организации за управување со волонтери.

Стратешка цел 11: Поттикнување на граѓаните и деловниот сектор за поддршка и придонес за развој на граѓанското општество

Оперативна цел 23: Унапредување на правната рамка за донации и спонзорства во јавните дејности за олеснување на донирањето кон граѓанските организации

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 40,89% од граѓанските организации во 2024 година имаат добиено донација од граѓани или од деловниот сектор (31,04% од организациите имаат добиено донации во вид на парични средства, а 9,85% донации во вид на материјални добра).

Работната група за изработка на Закон за изменување и дополнување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, формирана во март 2022 година и координирана од Министерството за правда, со вклучени претставници на Министерството за образование и наука, Министерството за економија, Генералниот секретаријат на Владата, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Министерството за финансии, Управата за јавни приходи, Министерството за локална самоуправа, Министерството за животна средина и просторно планирање, претставници на граѓанските организации (Здружение Конект Скопје, Здружение за поддршка на развојот на граѓанското општество и локалните заедници ХОРУС Скопје, Македонско здружение на млади правници Скопје, Банка за Храна МК) и Американската стопанска комора во Северна Македонија. Подготвен е Предлог на закон за даночните поттикнувања за донации и спонзорства во активностите од јавен интерес, што е доставен на мислење до надлежните институции и на 15.1.2024 година е објавен за консултации на ЕНЕР.

Оперативна цел 24. Поттикнување на соработката на граѓанските организации со бизнис секторот и промовирање на филантропијата

Во рамките на проектот на УСАИД „Партнерства за донирање“, Здружението Конект по втор пат реализираше национална кампања за филантропија „Денови за донирање“, што има за цел да ги поврзе полезните иницијативи ширум земјата со индивидуалните и корпоративните донатори за заеднички да ги постигнат промените што сакаат да ги видат во своите заедници. Во 26-те активности на кампањата беа

вклучени над 3000 граѓани, 50 бизниси и 120 волонтери. Проектот поддржа и 18 компании да напредуваат во плановите, стратегиите и практиките за корпоративна филантропија.

Стратешка цел 12: Зголемување на учеството на граѓанските организации за обезбедување услуги за потребите на заедницата

Оперативна цел 25: Развој на граѓанското општество на локално ниво и јакнење на соработката со граѓанските организации на локално ниво;

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 93,1% од граѓанските организации се заинтересирани и обезбедуваат услуги за потребите на заедницата на локално ниво. Во рамките на проектот „ЕУ поддршка на Граѓанскиот ресурсен центар – фаза 2", финансиран од ЕУ, на 17.12.2024 се одржа online дебата „Учество на граѓанските организации во креирање на политики на локално ниво", на која се поттикна дискусија за улогата на граѓанските организации како катализатори на позитивните промени во заедниците и како тие може да влијаат врз локалните политики за подобрување на квалитетот на животот во заедницата.

Оперативна цел 26: Подобрување на условите, вклучително и капацитетите на граѓанските организации за обезбедување услуги на национално и локално ниво, со еквивалентен квалитет како и останатите даватели на услуги

Воспоставен е функционален и долгорочен механизам за обезбедување на социјални услуги од страна на граѓанските организации, согласно Методологијата за формирање на цените на услугите во зависност од нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга („Службен весник на РСМ" бр.264/19) и Одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за вон-семејна заштита, за стручна помош и поддршка, за дневен престој, за привремен престој, на советување и за одмена на семејна грижа.

## 4. Осврт на околностите и ризиците кои настанале во текот на 2024 година и препораки како да се намалат ризиците во 2025 година

4.1. Нефункционален Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, поради бојкот на членовите од редот на граѓанските организации

Спроведувањето на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 во голема мера беше условено од континуирано работење на независен, репрезентативен, оперативен и ефективен Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. Од 21 активност предвидени Акцискиот план што не се спроведени, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество е носител на 2 активности (9,5%), а 8 активности (38,1%) беа планирани да се спроведат во соработка со Советот. Што се однесува до активностите за кои е започната реализација/во тек (вкупно 24), Советот е носител на 6 активности (25%), односно 6 активности (25%) активности беа планирани да се спроведат во соработка со Советот.

Во изминативе години, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество значително придонесе кон зголемување на транспарентноста на постапката и објективноста при распределбата на средствата предвидени во Буџетот на Владата на Република Северна Македонија наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации. Поради одлуката на Владата да го запре процесот на донесување на Предлог-програмата за финансирање на програмски активности на здруженијата и фондациите за 2022 година, предложена од Генералниот секретаријат и поддржана од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и средствата за оваа намена да ги пренамени

во буџетот на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, членовите на Советот од редот на граѓанските организации одлучија да ја бојкотираат работата на ова советодавно тело, за што ја информираа јавноста преку прес-конференција на 24.3.2022 година.

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество е советодавно тело на Владата на Република Северна Македонија за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот општество, а од неговото формирање во март 2018 година претставува највисоко ниво на учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики - партнерство меѓу Владата и граѓанските организации.

За надминување на предизвиците и повторно воспоставување на дијалог и соработка меѓу Владата и граѓанското општество, членовите на Советот од граѓанските организации, на 6.10.2022 година доставија писмено барање до претседателот на Владата, првиот заменик на претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, заменикот на претседателот на Владата за европски прашања, министерот за финансии, генералниот секретар на Владата и секретарот на Секретаријатот за законодавство, со покана да учествуваат на јавна седница на Советот со цел отворена дебата за овие прашања и предизвици. На 30.1.2023 година беше доставено уште едно писмено барање за средба со претседателот на Владата на Република Северна Македонија. Средбите не се одржани, а на 30.7.2024 година истече тригодишниот мандат на членовите на Советот.

Со цел воспоставување структурен дијалог со граѓанските организации, согласно заклучоците од дебатата „Зајакнување на соработката меѓу Владата и граѓанското општество", одржана на 4.9.2024 година во Граѓанскиот ресурсен центар во Скопје и спроведен широк консултативен процес со граѓанските организации од страна на Генералниот секретаријат во соработка со проектите финансирани од Европската унија: „ЕУ поддршка за Граѓанскиот ресурсен центар" и „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", Владата на седницата одржана на 26.12.2024 година донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество („Службен весник на РСМ" бр.268/24), а Генералниот секретаријат на 20.1.2025 година на www.nvosorabotka.gov.mk објави Јавен повик за избор на 14 членови и заменици членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на здруженијата и фондациите.

4.2. Отсуство на поддршка од Министерството за финансии на планираната реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации

Спроведувањето на планираните активности за унапредување на даночната рамка од аспект на данокот на додадена вредност, според Министерството за финансии е неприфатливо и спротивно со директивите на Европската Унија. Според Министерството, зголемувањето на листата на добра кои би се ослободиле од ДДВ ќе ја наруши неутралноста на овој данок, ќе направи притисок врз зголемување на висината на општата стапка на ДДВ и ќе предизвика негативни фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија. Министерството е на мислење дека истото негативно ќе се одрази во оценката на состојбите во рамките на поглавјето кое се однесува на оданочувањето (Поглавје 16) во извештајот на Република Северна Македонија како земја кандидат за членство во Европската Унија.

Министерството за финансии има негативен став и за зголемувањето на уделот на државно финансирање (од централниот буџет и од буџетите на единиците на локална самоуправа) од 30% во вкупните приходи на граѓанските организации до 2024 година, како и за формирањето на независен Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество. Имајќи предвид дека формирање на нови институции/фонд предизвикува фискални импликации по Буџетот на Република Северна Македонија, Министерството за финансии предлага потребните средства за финансирање на граѓанските организации

да се утврдуваат за тековната фискална година согласно буџетските можности и активностите да се вршат во рамките на постоечките ресурси на надлежните институции.

Унапредувањето на системот на државно финансирање на граѓанските организации и воспоставувањето на даночна рамка којашто одговара на спецификите на работењето на граѓанските организации претставуваат темелни стратешки цели на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024. Со цел надминување на моменталната состојба и донесување на политики базирани на докази, во рамките на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија" подготвени се неколку анализи поврзани со даночниот третман на граѓанските организации, економски активности и сметководство на непрофитните организации (Извештај од консултативен состанок за даночен третман на граѓанските организации; Извештај за правната рамка која им овозможува на граѓанските организации да се вклучат во економски активности; Анализа и предлози поврзани со правната рамка за сметководство за граѓанските организации во Република Северна Македонија и Граѓанските организации како работодавачи – справување со клучните предизвици во законодавството), а Генералниот секретаријат подготвува и до Владата доставува годишни извештаи за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од органите на државна управа и единиците на локална самоуправа.

Согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024-2028, Владата ќе обезбеди буџетски средства за поддршка на граѓанските организации со цел квалитетен развој на граѓанското општество. Преку гарантен фонд ќе се обезбеди финансиска поддршка на граѓански организации што аплицираат и се добитници на проекти од европски и други фондови, како што се ИПА фондовите, Хоризонт Европа, Клајмет Кик, ИнвестЕУ, Дигитал Европа и други, а за кои е потребен процент на учество, односно кофинансирање. Со гарантниот фонд ќе се воспостави процес на транспарентно, мониторирано и кредибилно финансирање по однапред строго утврдени услови. Активностите за воспоставување на гарантен фонд ќе бидат планирани во Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025 – 2028.

## 5. Прилог: Табеларен преглед со оценка на степенот на спроведување на оперативните цели и активностите од Акцискиот план на Стратегијата